**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ДЕНТАЛНА ТЕРАПИЈА - ЕНДОДОНЦИЈА" ОД ДОЦЕНТ Д-Р НАТАША ЛОНГУРОВА И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР Д-Р ИВОНА КОВАЧЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-284/12 од 215. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.12.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Лидија Поповска**, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- **доц. д-р Вера Стојановска**, Стоматолошки факултет, Европски универзитет во Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија, на приложениот ракопис „***ДЕНТАЛНА ТЕРАПИЈА - ЕНДОДОНЦИЈА***" од доц. д-р Наташа Лонгурова и проф. д-р Ивона Ковачевска, наменет за студентите на прв циклус стручни студии на Студиската програма за забен техничар – протетичар, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот со наслов „***Дентална терапија - ендодонција***" е предвиден како наставно помагало по предметот Дентална терапија, изборен предмет, на Студиската програма за забен техничар протетичар, *со 2*+0+1 неделен фонд на часови, 2 кредита и се слуша во шести семестар. Предложениот ракопис целосно содејствува со наставната програма и теоретските наставни содржини, кои се акредитирани за предметот Дентална терапија.

**Податоци за обемот ракописот**

Предлог ракописот „Дентална терапија – ендодонција" е на 123 страници, категоризиран во тринаесет поглавја, со 47 нумерирани фотографии и плус останати слики и графички прикази за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложените содржини во целост одговараат според обемот на наставната програма и ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Потребата од создавање на вакво учебно помагало – скрипта е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал, конкретно за студентите од стручните студии за забен техничар протетичар. Имено, постоечките содржини („Клиничка ендодонција" од С. Оџаклиевска и „Ендодонција" од С. Апостолска и ост.) се примарно дизајнирани за студентите по стоматологија, односно дентална медицина и се со поголем обем, што не одговара со квантумот на содржини кои треба да ги совладаат студентите на стручните студии за забен техничар протетичар.

**Краток опис на содржината**

Во поглавјето *Вовед* авторите даваат краток осврт на целите, задачите на денталната терапија – ендодонцијата, како наука и ги навестуваат содржините кои понатаму се надоврзуваат во ракописот.

Второто поглавје се однесува на *Пулпа – анатомија, хистологија, топографија и функции* и во него авторите едноставно ги презентираат сите особини, од секој аспект за најмалиот орган во човечкиот организам – забната пулпа.

Следното *трето поглавје* ја елаборира класификацијата на заболувањата на забната пулпа, реверзибилни и нереверзибилни. Овде се обработуваат реверзибилните, непатолошки промени на пулпата, односно *Хиперемијата*.

Во поглавјето *Акутни воспаленија на пулпата* авторите се задржуваат на етиологијата, патогенетскиот механизам на создавање на овие заболувања. Исто така, предмет на обработка се и симптоматологијата, клиничката слика, како и терапијата која треба да се направи при овие патолошки состојби на забната пулпа.

Понатаму, во ракописот се надоврзуваат *Асимптоматските заболувања на пулпата*, односно тоа се *хроничните воспаленија*. Во ова поглавје авторите ги обработуваат и презентираат сите аспекти на хроничните воспаленија на забната пулпа со препораки за адекватна тераписка постапка.

Следното поглавје со наслов *Некроза и гангрена* ги опфаќа заболувањата при кои е веќе нарушен виталитетот на забната пулпа и секако дијагнозата, етиологијата и терапијатата при овие патолошки состојби.

Во поглавјата кои понатаму следуваат авторите ги презентираат тераписките протоколи и постапки при третманот на заболувањата на забната пулпа. *Третман на болести на пулпа. Општи постулати, методи и техники, Фази на ендодонтска терапија - Рачни техники за интраканалнапрепарација, Медикаменти и начини за канална иригација* и *Интраканалнаоптурација-материјали и техники*, тоа се фазите и чекорите кои се надоврзуваат при еден ендодонтски тераписки третман. Во секое од овие поглавја авторите ги објаснуваат сите содржини, постапки, протоколи, инструменти, методи и техники со кои успешно се финишира секој ендодонтски третман.

Во *единаесеттата глава* авторите ги обработуваат *Апикалните пародонтити*, заболувања кои излегуваат од рамките на пулпното ткиво и се прошируваат на околните периапикални коскени структури.

*Дванаесеттото поглавје* се занимава со *Терапијата на апикалните пародонтити*, која претставува сериозен чекор и справување со инфицирани коренски канали и периапикална инфламација.

Последната *тринаесетта глава* ги презентира литературните податоци, извори и цитати, кои авторите ги користеле при создавањето на ракописот за скрипта.

Присуството на големиот број на слики, како и едноставниот стил на презентација на специфичната стручна материја, нараторите во ракописот, овозможува на лесен, разбирлив и концизен начин да се совладаат и научат основните базични теоретски елементи по предметот Дентална терапија.

## ЗАКЛУЧОК

Предложениот ракопис за скрипта „*Дентална терапија – ендодонција*“ на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира теоретските наставни единици кои на студентите од стручните студии за забен техничар протетичар ќе им овозможи лесно, концизно и едноставно совладување на теоретските содржини по предметот Дентална терапија. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбедат забните техничари протетичари да се здобијат со базични елементарни познавања за заболувањата на забната пулпа, кои перспективно ги имплементираат и нив, во решавање на губитокот на забите.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство, му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „***Дентална терапија - ендодонција***” од доцент д-р Наташа Лонгурова и професор Ивона Ковачевска како учебно помагало – ***скрипта***.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Лидија Поповска, с.р.**
**Доц. д-р Вера Стојановска, с.р.**